УДК:355.45

Митко КОТОВЧЕВСКИ

# СТРАТЕГИЈА НА НАРОДНАТА ВОЈНА

Загрозувањето на интегралната безбедност на малите и неразвиени земји (а во тој контекст на Р.Македонија) претставува закономерност во современиот свет, кој првенствено произлегува од неговите битни карактеристики и противречности. Оптимален модел за интегрална одбрана на малите земји претставува стратегијата на народната (националната) војна, која овозможува (односно треба да овозможи) целосно вклучување во одбранбената моќ на сите облици на општествена моќ – од економската и технолошката преку политичката до воената моќ како нејзин радикален облик. Стратегијата на народната војна a priori е понадмоќна од секоја агресивна стратегија. Стратегијата на народната војна, за разлика од другите стратегии фактички може да смета на **најголем дел** од силите и ресурсите на земјата и народот.

Оваа стратегија првенствено се потпира и се засновува на сопствените сили, но подразбира и сестрана помош и соработка со сите пријателски земји врз рамноправна основа. Денес е актуелно и значајно вклучувањето на малите земји во светскиот систем на колективна заштита, а за Македонија прифатливи се и можностите за нејзиното вклучување и во европските форми на заштита на нејзиниот суверенитет.

Доколку соработката во сите области, од кои стратегијата на народната војна ја црпе својата моќ е посеопфатна и поинтензивна дотолку и одбранбено-заштитната моќ на Р.Македонија ќе се мултиплицира.

Стратегијата на народната војна, во досегашната, не само наша воена пракса се покажа понадмоќна над сега веќе класичната доктрина на „молневита војна" и над сите нејзини современи модалитети. Во таа смисла таа претставува оптимален одговор на сите суштински прашања на одбраната, значајни и за нашата Република. Оваа доктрина сè повеќе добива универзално значење, актуелно за малите и неразвиени земји. Посебен импулс во општото прифаќање на теоријата и доктрината на народната (општонародната, општонародно-одбранбената) војна ѝ даде антиколонијалната револуција со која беа извршени радикални промени на сликата на современиот свет. Распаѓањето на огромното колонијално царство беше продукт на сите

негови порази во борбата против доктрината и силите на народната војна на малите и неразвиени земји и народи.

**Основни карактеристики на доктрината на народната војна (интегрална одбрана)**

Со цел да се одговори на прашањето зошто се определуваме за доктрината на народната војна, како најприфатлива доктрина за одбраната на Р.Македонија, потребно е да се направи споредување, односно да се скицираат денес познатите и вежечки стратегиски концепции и системи во современиот свет.

Современите стратегиски концепции, во најопшта смисла, денес може да се поделат во две основни групи:

– традиционални воени стратегии,

– стратегии на народната војна.

Традиционалната воена стратегија во остварувањето на своите цели исклучиво смета на ефектите на воената моќ, што претставува една од темелните разлики помеѓу традиционалната (класичната) и доктрината на народната војна.

Структурата на моќта на класичната доктрина во најголема мерка се сведува на воената моќ сфатена во потесно значење и можно е нејзиното емпириско, скоро егзактно мерење, анализирање и проценување.

Наспроти тоа, структурата на моќта, посебно на нејзиното конституирање во доктрината на народната војна се состои од повеќе рамноправни компоненти: воени, политички, економски, културолошки, дипломатски итн. (оттаму и нашиот предлог за терминот доктрина на интегрална одбрана). Со примената на оваа доктрина во различни стратегиски ситуации постои огромна и неисцрпна можност за многустран избор на сили, средства и модели за нивна употреба.

Според своите многубројни карактеристики доктрината на народната војна може да се означи и како непосредна и како посредна доктрина:

а) непосредна – кога решението на исходот на воениот судир се бара преку директен воен судир, првенствено на воен план, и

б) посредна – кога решението на исходот на војната на воен план се одложува, а за остварување на целите се користат сите воени и невоени средства за да се ослаби (нагризе) воената моќ на агресорот со цел да се присили на откажување во реализирањето на своите намери.

Идентични и во функција на претходната елаборација се и учењата од сферата на војноводство, кои е неопходно да се презентираат со цел да се потврди нашата определба за прифаќање на доктрината на народната војна како единствена можна алтернатива за Р. Македонија.

Во историјата на војноводството постојат две основни концепции на конфронтирање меѓу напаѓачот и бранителот кои можат да се дефинираат како:

а) Моноструктурна конфронтација

б) Антиструктурна конфронтација

Моноструктурната (паритетна) конфронтација означува фронтално судрување на двете страни по принципот на еднозначни формации т.е. војник против војник, оружје против оружје, извежбаност против извежбаност, знаење против знаење од што произлегува и можноста за квантитативно и квалитативно спроведување и прогноза на победникот која е во корист на страната со поголем број такви споредбени големини.

Овој модел на конфронтација не одговара за средни и мали земји, посебно оние кои имаат концепции за водење народна војна, бидејќи тие земји во голема мерка не се материјално оспособени и немаат доволно простор за такво паритетно спротиставување.

Антиструктурниот модел на конфронтација подразбира непаритетен судир на различни квантитативни и квалитативни големини, при што времетраењето на судирот е неизвесно, а прогнозата е секогаш на страната на бранителот. Овој модел на конфронтација е најпогоден за нашата Република, бидејќи овозможува спротиставување не само со нашите вооружени формации, техничките и борбените средства, туку и со еден сосема нов квалитет на конфронтација, а тоа е со просторот и времето.

Конфронтацијата со просторот значи дека сите природни и создадени особини на нашиот простор, заедно со населението треба да претставуваат „непријателска околина”, „бастион” и „неосвоива тврдина” за конфронтираните сили на агресорот во било кој дел од нашиот простор, односно целокупната содржина на просторот да претставува комплекс кој организирано и успешно би се спротиставувал на секаков вид агресија.

Тоа значи да се создадат такви просторни услови со кои агресорот ќе се чувствува како туѓо тело во здрав организам кој ги мобилизирал сите одбранбени механизми со кои го опкружува и напаѓа тоа тело, кое со текот на времето останува изолирано и помалку опасно, губејќи на својата способност за опстанок во такви услови.

За просторот на Македонија не одговара крут однос кон просторот, односно класичното „фронтовско” делење на „заземен” и „незаземен” („освоен – неосвоен”) дел од Републиката од страна на агресорот. Таквиот модел на војнено користење на просторот е надминат и непродуктивен, не е компатибилен со нашиот антиструктурен (непаритетен) модел на борбената конфронтација и е непогоден заради неговата недоволна вкупна големина (за добро утврден и обезбеден фронт е потребно многу поголема длабочина на заднината која би била надвор од дострелот на современите борбени средства од онаа со која ние располагаме). Во прилог на ова тврдење одат и природните (геоморфолошки) својства на просторот кој повеќе од 70% е ридско-планински со природно насочени комуникативни коридори и висок степен на природна испресеченост (длабоки речни долини, високи гребени, стрмни падини – често нестабилни, клисури, превои и сл.)

Ако непаритетниот начин на конфронтирање претставува најпродуктивна доктринарна варијанта на доктрината за водење народна војна, тогаш

моделите на војнено користење на просторот мора да произлегуваат од таквиот начин на конфронтација која во суштина претставува „еластичен” и континуиран допир со непријателот без генерално и „тврдо” изразени линии на судирот.

Значајно е да се потенцира и изборот на оптималниот модел на стратегиски маневар со кои треба да се остварат целите на доктрината, а со тоа и целите на војната. Денес во оваа сфера егзистираат три можни модели за употреба на силите, односно три облици на стратегиски маневар: маневар на уништување (рационална динамика) маневар на истоштување и маневар на комбинирање на претходните два облици. Првите два облици на маневар претставуваат два спротивни стратегиски пола, кои меѓусебно значајно се разликуваат.

Третиот по редослед (но не и по значење) стратегиски модел претставува стратегијата на комбинирање, која е многу покомплексна и посложена од наведените два традиционални модели кои имаат и свои современи модалитети. Во неа не се комбинираат само воените елементи, стратегијата на уништување и истоштување, туку во тој стратегиски концепт се комбинираат и мноштво елементи од невооружената борба и отпор (од цивилната одбрана).

За доктрината на народната војна, најкомпатибилна и најпримерена е стратегијата на комбинирање заради следните нејзини вредности, односно предности:

– овозможува оптимално користење на сите позитивни обележја на двете други стратегии, но во една синтеза од повисок ред;

– овозможува максимално исполнување на сите компаративни предности на одбранбено-заштитниот систем, заснован врз вкупните елементи на моќ на општеството;

– овозможува земјата да не ја загуби политичката независност и својот интегритет и покрај запоседнувањето на дел од просторот од страна на агресорот;

– овозможува зачувување на континуитетот на просторот како оперaциска основица, континуитет на вооружената борба во дисконтинуитет на фронтот и тоа временски неограничено;

– сите значајни фактори на стратегијата, односно на војната во голема мерка добиваат на својот квантитет и квалитет, со што севкупната општествена моќ добива значење на посебна одбранбена моќ;

– подразбира прифаќање на првиот стратегиски удар на агресорот (кој е најак и најтешко е да се преживее), но со избегнување на одлучувачки и решавачки судири (операции) сè додека односот на силите е поповолен за силите на агресорот. Ова е најделикатно и најсериозно прашање за кое генералштабот на АРМ треба да изнајде најоптимални варијанти за различни воени ситуации. Од одговорот на ова прашање во голема мерка може да зависи текот и исходот на војната (посебно за почетниот период);

– нуди огромни можности за вклучување во одбранбената моќ на многу различни степени на војнената вештина и тоа: воени, политички, дипломатски, економски и психолошки;

– се комбинираат разновидни облици на борба и отпор во народната војна (интегралната одбрана) во сите сфери и области на делување на човекот и општеството (во стопанството, просветата, културата, науката, политиката итн.);

– со комбинирање на мноштво борби, боеви и операции се постигнува ослабување на офанзивната и борбената моќ на агресорот и преминување на стратегиската иницијатива на страната на нападнатата земја. Уште еднаш би потенцирале дека е потребно (а посебно значајно за Македонија и нејзините вооружени сили) да се продолжи временско-просторната димензија на војната до потребна (разумна) мерка, преку огромната вештина (која се учи) за одложување на решавачките битки сѐ до моментот додека не се создадат објективни услови за нивно водење;

– во оваа стратегија се комбинираат различни облици на воено организирање. Тоа првенствено се однесува на комбинираната структура на вооружените сили – оперативна и територијална компонента (порано), а според новиот Закон за одбрана на Р. Македонија од постојан и резервен состав. Тоа е и најоптимален облик на воената организација примерен на доктрината на народната војна;

– постојат можности за комбинирање на активностите на другите организирани сили на општеството – силите на цивилната одбрана;

– се комбинираат многу разновидни и различни вооружени активности, борбени дејствија, нивните облици и содржини. Тоа првенствено се однесува на комбинирање на фронталните со партизанските дејствија (значи најоптимален модел на стратегиски дејствија претставува комбинираниот модел). Дејствијата би се изведувале во зафатот на фронтот (само во посебни ситуации и селективно) и во сопствената заднина и во заднината на непријателот;

– на посебен начин се комбинираат факторите на војната (човечкиот, материјално-техничкиот и просторно-временскиот фактор). Доктрината на народната војна во сите услови човечкиот фактор го вреднува како првостепен;

– се спроведува комбинирање на борбените дејствија на копно, езерата и во воздушниот простор и на нивниот офанзивно-дефанзивен начин на изведување. Доктрината на народната војна перспективно треба да остане отворена и за новите димензии на војувањето. Потребно е таа да не биде само класична доктрина на народната војна, туку современа доктрина на народната војна – доктрина на интегралната одбрана.

На крајот можеме да констатираме дека доктрината на народната војна во права смисла на зборот претставува доктрина (стратегија) на комбинирање.

Mitko KOTOVČEVSKI

## STRATEGICS OF THE NATIONAL WAR

(Summary)

Strategics of the national war (i.e. of its contemporary models) means inclusion into the defensive power of the country in all forms of social power, economic, tehnological, through political to military power as its radical form. This strategics in distinction from the other always can be the biggest part from the powers and resources of the nation and the country. For that purpose the author thinks that the most exemplary and compatibile strategical model for the whole macedonian political, economic and military ambience is the usage of a specific model of strategics in the national war.

In this work are also elaborated two essential conceptions of confrontation between aggressor and the defender which might be defined as:

A. monostructural confrontation

B. antistructural confrontation

The author is oriented for usage of antistructural mode od confrontation which is the most productive doctrinal variant for strategics of the national war.